**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# *ХОТЕЛСКО РАБОТЕЊЕ*

**IV година**

## *УГОСТИТЕЛСКО-ТУРИСТИЧКА СТРУКА*

## *Хотелско-туристички техничар*

**Скопје, 2002 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

## 1.1. Назив на наставниот предмет: ХОТЕЛСКО РАБОТЕЊЕ

## 1.2. Образовен профил  односно група струки на кои им припаѓа наставниот предмет

1.2.1. Образовен профил: Хотелско-туристички техничар
1.2.2. Група струки: Угостителско-туристичка

## 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

## 1.4. Година (фаза) на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Четврта година

## 1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно (неделен контакт): 4 часа
1.5.2. Број на часови годишно (квота на изучување): 132 часа

## 1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Задолжителен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целта на наставата по наставниот предмет *хотелско работење* е учениците да стекнат знаења и способности од областа на работењето на хотелските објекти и да се оспособат за нивна примена во практиката.

Од општата цел на наставата по *хотелско работење*, произлегуваат следниве посредни цели:

- Ученикот да го разбере начинот на регистрирање на деловните промени во хотелот со примена на реципциска машина и друга современа информатичка технологија во работење на хотелот;
- да ги сфати рекреациските содржини за корисниците на хотелски услуги кои треба да бидат обезбедени од страна на хотелот;
- да го објасни магацинското работење, односно начините на прием, чување, евиденција и документација од приемот и чувањето на стоки на залиха во магацинот на хотелот;
- да се информира за набавното и финансиското работење на хотелот во функција на рецепциско и ресторанско работење на хотелот;
- да ја идентификува политиката на цени и изработката на калкулации на цени во хотелиерството;
- да ги открие специфичностите на менаџментот и особините на менаџерот на хотелот;
- да го разбере значењето на одговорноста и осигурувањето во хотелот;
- да ги идентификува минималните услови и потребата од категоризација на хотелските објекти;
- да се запознае со организацијата и работата другите објекти за сместување;
- да ги разликува посебните узанси во угостителството;
- да развива позитивен однос и навики за постојано следење на промените во законската регулатива од областа на угостителството и нивно вклучување во наставата.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За постигнување на поставените цели на наставната програма, односно успешно следење и совладување на содржините од предметот *хотелско работење*, потребни се претходни знаења стекнати од наставните предмети: *хотелско работење* за II и III година, *практична настава* за III година, *бизнис* за III година, *маркетинг, економија на туризмот, математика, агенциско раборење* за III година и *основи на угостителството и туризмот.*

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структурирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. РЕГИСТРИРАЊЕ НА ДЕЛОВНИ ПРОМЕНИ ВО ХОТЕЛОТ СО ПОМОШ НА РЕЦЕПЦИСКА МАШИНА** | **6** | Ученикот:<br>- да се запознае за организација на работа со рецепциската машина;<br>- да ја користи техниката на работа со рецепциската машина. | - се објаснува и се води разговор за организацијата на работа со рецепциската машина<br>- се врши демонстрација на оделни техники на работа со рецепциската машина;<br>- се организира посета на хотели кои работат со рецепциски машини и се прганизираат практични вежби. | - хотелско работење III година<br>- бизнис III година<br>- практична настава. III година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. РЕГИСТРИРАЊЕ НА ДЕЛОВНИ ПРОМЕНИ ВО ХОТЕЛОТ СО КОРИСТЕЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА** | **26** | - да се запознае со улогата и значењетона информатичката технологија во работењето на хотелот;<br>- да го осознае начинот на користење на информатичката технологија во рецепциското работење<br>- да умее апликативно да ја користи информатичката технологија за прегледи, резервации, пријави, прегледи, престој, одјава, статистика, дневен промет, фактурирање, архивски податоци, менувачница, телефонска централа. | - се објаснува и се врши демонстрација и симулација на регистрирање на различни деловни промени во хотелот со помош на информатичка технологија;<br>- се организираат практични вежби преку индивидуална работа со цел оспособување на учениците да ги регистрираат деловните промени во хотелот со помош на информатичката технологија;<br>- се организираат посети на хотели кои ја користат информатичката технологија во своето деловно работење. | - хотелско работење III година<br>- практична настава III година<br>- бизнис III година<br>- маркетинг |
| **3. РЕКРЕАЦИСКИ СОДРЖИНИ ВО ХОТЕЛОТ** | **12** | - да се запознае со рекреациските содржини во хотелот;<br>- да ги разлкува видовите и облиците на рекреација во хотерлот;<br>- да ја разбере организацијата на рекреација во хотелот. | - се објаснува и се води дискусија со учениците за рекреациските содржини;<br>- се објаснува и се организира групна работа со учениците за | - хотелско работење II година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | видовите и облиците на рекреација, како и за активностите на рекреација на хотелот;<br>- се презентира и се објаснува шематски приказ на организацијата во хотелот. | |
| **4. МАГАЦИНСКО РАБОТЕЊЕ ВО ХОТЕЛОТ** | **14** | - да се запознае со поимот за магацинско работење во хотелот;<br>- да ги разликува различните видови магацини во хотелот;<br>- да ги разбере начините на прием и чување на стоки на залихи во магацините;<br>- да ја познава евиденцијата и документацијата при прием и чување на стоките на залиха. | - преку усно излагање се истакнува значењето на магацинското работење во хотелот;<br>- се објаснува за евиденцијата и документацијата во магацинското работење и при тоа со демонстрација се поттикнува изведување на практични вежби преку игра на улоги. | - бизнис III година<br>- практична настава III година |
| **5. НАБАВНО И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ХОТЕЛОТ** | **14** | - да се запознае со средствата во хотелот;<br>- да го сфати значењето на набавките и пописот на стоки и инвентарот во хотелот;<br>- да се информира за набавното и финансиското работење во | - се изложуваат наставните содржини со цел да се информираат учениците за набавно и финансиското работење на хотелот;<br>- се објаснува за начинот | - бизнис III година<br>- практична настава III година<br>- економија на туризмот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | функција на рецепциското работење;<br>- да се информира за набавното и финансиското работење во функција на ресторанско работење. | на набавка на стоки и значењето на нивното евидентирање во функција на ресторанското и рецепциското работење. | |
| **6. ПОЛИТИКА НА ЦЕНИ И КАЛКУЛАЦИИ ВО ХОТЕЛИЕРСТВОТО** | **10** | - да го сфати влијанието на трошоците во хотелот за негово економично работење;<br>- да ја разбере важноста на искористеноста на капацитетот на хотелот за негово рентабилно работење;<br>- да ја сфати политиката на цени во хотелското работење;<br>- да изработува калкулации на цени за хотелски услуги. | - се истакнува значењето на трошоците во работењето на хотелот;<br>- се организираат вежби за пресметување на искористеност на капацитетот на хотелот преку индивидуална работа на учениците<br>- се организираат и координираат практични вежби со цел учениците да се оспособат за изработка на калкулација на цена за различни хотелски услуги. | - бизнис III година<br>- Математика |
| **7. МЕНАЏМЕНТ И МЕНАЏЕР ВО ХОТЕЛОТ** | **6** | - да ги разбере специфичностите на менаџментот во хотелот;<br>- да ги идентификува потребните особини на менаџерот на хотелот. | - се објаснува и се води дискусија за специфичностите на менаџментот во хотелот;<br>- се организира симулација за улогата и | - бизнис III година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | особините на менаџерот на хотелот (игра на улоги на учениците). | |
| **8. ОДГОВОРНОСТ И ОСИГУРУВАЊЕ ВО ХОТЕЛИЕРСТВОТО** | **6** | - да се запознае со одговорностите што произлегуваат од работењето во угостителските објекти за сместување;<br>- да ги сфати консеквенците што произлегуваат од неправилното работење во угостителските објекти за сместување;<br>- да го идентификува значењето и потребата од осигурување во хотелиерството. | - насочено се води дискусија за одговорностите што произлегуваат од работењето во угостителските објекти за сместување;<br>- се објаснува за консеквенците што произлегуваат од неправилното работење во угостителските објекти за сместување;<br>- се потикнуваат учениците за формирање правилен став кон осигурувањето и одговорноста спрема работата и пошироко во хотелиерството. | - хотелско работење II година и III година<br>- практична настава III година |
| **9. ПРАВИЛНИК ЗА РАСПРЕДЕЛУВАЊЕ МИНИМАЛНИ УСЛОВИ И КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА** | **12** | - да се запознае со минималните услови и категоризацијата на угостителските објекти за сместување;<br>- да ја осознае потребата од категоризација на угостителските | - се објаснува за категоризацијата на угостителските објекти за сместување и нивната класификација;<br>- преку слики и видео | - основи на угостителството и туризмот<br>- хотелско работење II година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ** | | објекти за сместување и нивната класификација. | презентација се врши демонстрација на различни по категорија угостителски објекти за сместување;<br>- се организираат посети на различни по категорија угостителски објекти за сместување за нивна компарација. | - практична настава III година<br>- економија на туризмот |
| **10. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА ДРУГИТЕ ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ** | **10** | - да ја сфатаи организацијата и работењето на другите објеки за сместување (камповите, мотелите, пансионските хотели и туристичките населби);<br>- да ја анализира и споредува организацијата и работењето на другите објекти за сместување (камповите, мотелите, пансионските хотели и туристичките населби) со хотелот како објект за сместување | - се ојаснува за другите објеки за сместување (камповите, мотелите, пансионските хотели и туристичките населби) и нивната различност од хотелот како објект за сместување;<br>- преку слики и видео презентација се врши демонстрација на различни угостителски објекти за сместување;<br>- се организираат посети на различни угостителски објекти за сместување за нивна анализа и споредба. | - основи на угостителствот о и туризмот<br>- хотелско работење II година<br>- бизнис III година<br>- практична настава III година<br>- економија на туризмот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11. ПОСЕБНИ УЗАНСИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО** | **16** | - да се запознае со посебните узанси во угостителството;<br>- да ги идентификува општите и заедничките одредби на посебните узанси;<br>- да ги применува посебните узанси во угостителствот;<br>- да го разбере договорот за хотелските услуги;<br>- да го сфати договорот за услугите зна исхрана и точење пијалокци;<br>- да го објасни агенцискиот договор за хотелски услуги<br>- да развива позитивен однос спрема посебните узанси во угостителството. | - се изложуваат наставните содржини за посебните узанси во угостителството;<br>- се демонстрираат конкретни примери од посебните узанси во угостителството;се организираат, координираат и контролираатвежби за практична примена на посебните узанси. | - основи на угостителството и туризмот<br>- економија на туризмот<br>- агенциско работење III година<br>- практична настава II и III година<br>- |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

За реализација на наставата по предметотот *хотелско работење*, согласно поставените цели на наставниот предмет, како основни *наставни методи* ќе се користи: водење на насочена дискусија, демонстрација, играње на улоги, решавање на проблеми и симулација на реални ситуации, учењепреку сопствено откривање, независни задачи, тимска работа.

*Активности на ученикот*: да дискутира, да применува правила и законитости, да набљудува, да слуша, да прибележува да повторува, да објаснува, да чита, да презентира, да открива во група или поединечно, да размислува критички, да дава свој суд, да работи домашни задачи.

*Активности на наставникот*: организира, планира, подготвува настава, дава инструкции за работа, потикнува за дискусии, објаснува, поставува прашањање, оценува и потикнува самооценување од страна на учениците, симулира процеси и реални ситуации, презентира.

## 4.3. Организација и реализација на наставата по предметот

Наставата по предметот *хотелско работење*, треба да се реализира преку настава во: училници, училишни работилници (рецепции) кабинети. Покрај предавања се изведуваат вежби, односно практични операции и работни задачи. Со цел за поуспешно стекнување на знаења и умеења, кои се однесуваат на психомоторната и психосоцијалната компонента, при организацијата и реализацијата на наставата по овој предмет треба да се остварат одредени практични активности во соодветните угостителски објекти, како и конкретни демонстрации и вежби во кабинетите по информатика и хотелско работење. Притоа, потребно е реализирање на наставата во блок часови за вежби на ученици во групи, парови и индивидуално.

Образовните активности по предметот *хотелско работење* се организирани во две полугодија, четири тромесечја и неделен распоред на часови.

## 4.4. Наставни средства и помагала

Предметот *хотелско работење*, покрај теоретскиот аспект, повеќе има практично значење кое се остварува преку реализацијата на одделни вежби, демонстрации, практични операции и работни задачи. Затоа при реализацијата на наставниот процес, потребно е користење на разновидни наставни средства и помагала, компјутерска опрема, ЛЦД проектор и материјал; слики, цртежи, туристички пропаганден материјал, филмови, дијафилмови, телевизиски снимки, апарати, прибор, графоскоп, штампан материјал (учебници, прирачници, дневници, весници, туристички пропаганден материјал странски списанија).

# 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигнувањата на учениците по предметот хотелско работење треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите учесници во воспитно-образовниот процес. Преку најразновидни форми и постапки: усни проверки, писмени задачи, тестови, проверки на домашни задачи, проверки и оценување на практичните способности на учениците (при вршењето на вежбите и практичните задачи), преку изготвување на реферати и писмени извештаи, проекти и сл

Во текот на учебната година, учениците се оценуваат најмалку со по две оценки во прво и второ полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки.Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на програмата, се постапува според законската регулатива.

# 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

## 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет *хотелско работење,* треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики: да е физички и психички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да го знае македонскиот јазик, да има соодветно стручно образование, да ја сака наставничката професија и да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија, при тоа служејќи се со компјутерска техника и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

## 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по:

- туризам и угостителство

и се стекне со педагошка, психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

### 6.3. Стандард на простор за наставниот предмет

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат преку овој предмет, потребно е наставата да се реализира во посебни училишни кабинети за информатика, странски јазици, агенциско и рецепциско работење со сите придружни елементи согласно Нормативот за угостителска и туристичка струка.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 7.1. Датум на изработка: мај 2002 година

### 7.2. Состав на работната група:

1. Снежана Димовска, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
2. Д-Р Никола Ацковски, професор на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид
3. Бојанчо Ристовски, менаџер, П.Ц. Хотел ,,Бристол,, (А.Д. македонија Турист), Скопје
4. Чедомир Димовски, наставник во ДСУТУ ,,Лазар Танев,, - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1.09.2002 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот ***хотелско работење*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број 11-3368/1 од 24.06.2002.